Коалиција Сите за правично судење

# ОШТЕТЕН ОД ШАРЕНАТА РЕВОЛУЦИЈА

јануари, 2017

**Издавач:**
Коалиција Сите за правично судење

За изадавачот:
Д-р. Мирјана Иванова Бојаџиевска

**Автори:**
Адвокатка Натали Петровска

**Дизајн:**
Даниел Митковски

Достапно единствено како електронско издание

Коалиција Сите за правично судење
ул. Македонија 11/2-10
1000 Скопје

# ОШТЕТЕН од Шарената ревоулција

Граѓанскиот активист, припадник на Шарената револуција, а од скоро и избран пратеник, денес повторно се најде на обвинителна клупа, а под обвинение дека учествувал во толпа кој извршила кривично дело, согласно Чл.385 од КЗ.

Иако веќе во неколку наврати ова судење беше одлагано, а како резултат на утврдување, доутврдување и прецизирање на износот на оштетното побарување, денес иако беше отпочната главната расправа, со оглед да се работи за скратена постапка (во која нема подготвителни расправи) и при тоа беше сослушан претставник на оштетеното Министерството за култура, расправата повторно беше одложена со задолжение за оштетениот да достави дополнително докази на кои се повикува.

Впрочем, иако Законот за кривична постапка предвидува дека со самото поднесување на обвинителниот акт, односно предлог, застапникот на обвинението поднесува листа на докази кои подоцна , на главна расправа се изведуваат, судот повторно му овозможи на обвинителството односно оштетениот, дополнително да предложи поточно достави докази кои и пред отпочнување на постапката ги имал.

Она што би сакале да го потенцираме како пропуст во оваа расправа е начинот на кој беше даван исказот од страна на оштетениот. Имено, лицето кое денес даваше исказ е претставник на оштетеното министерство и истиот имаше улога да појасни факти околу имотно правното побарување , односно предизвиканата и евентуално утврдената штета. Но, претставникот и покрај оваа своја улога, се впушти во коментирање и анализирање на самиот настан кога било наводно извршено делото со детали околу фактичката состојба ,а не техничката природа-оштетното побарување преточено во утврдување на материјалната штета. Истиот практично даваше искази во својство на сведок за факти и околности за кои ниту беше повикан, ниту прашан, па така на прашањето за начинот на кој била утврдена штетата, претставникот на оштетеното Министерство почна да ги прераскажува настаните кои се случиле на денот на настанување на штетата.

Иако судот не ги зеде предвид изјавите во врска со случувањата пред министерството поради тоа што претставникот на оштетениот не беше прашан ниту повикан во тоа својство, тоа предизвика  низа нејаснотии во врска со својството во кое лицето е повикано на расправата. Токму овие нејаснотии во исказот на лицето кое го претставуваше оштетениот , ја наметнаа на некој начин потребата да судот го преземе водењето на постапката во насоки на вршење на јавнообинителската улога на расправата- да го врши испитувањето.

Токму ова е детектирано како неправилност во постапувањето во конкретниов случај од страна на Коалицијата-фактот што испитувањето на претставник на оштетениот иако на предлог на јавното обвинителство, директно беше извршено од страна на судот. Имено, законот за кривична постапка во чл. 383 ст. 2 предвидува дека директното испитување го врши странката која го предложила сведокот, односно вештакот или техничкиот советник, па оттука и испитувањето требаше да се одвива на прашања на јавото обвинителство , а  не да препрасне во посебно испитување од страна на судот под паравант „разјаснување на фкти и околности„. Оваа можност е предвидена во ст.5 од истиот овој Чл.383 кој вели дека „По завршувањето на испитувањето на странките, претседателот и членовите на советот можат да поставуваат прашања на сведокот, односно вештакот.„

А она што остави најголем впечаток од оваа расправа е впрочем, вмешувањето на обвинителството во давање на одговорите на овој претставник (на Министерството за култура), на прашања кои беа поставен од страна на одбраната, поточно- нудење на одговори и појаснувања во име на претставникот на оштетениот. Што само упатува на фактот дека доказите се модифицираат за потребите на поткрепа на обвинението и донесување на евентуална осудителна пресуда за обвинетиот.



Коалиција Сите за правично судење
ул. Македонија 11/2-10
1000 Скопје